НАЦИОНАЛНИ ШУМИ
во партнерство со природата
www.mkdsumi.com.mk
Бул. „Св. Климент Охридски" бр.68, Скопје -Центар
Тел. ++389(0)2 2581080

Јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми
Ndërmarrje publike për menaxhimin me pyjet shtetërore
НАЦИОНАЛНИ ШУМИ П.О.
PYJE KOMBËTARE P.P.
Бр./Nr. 11-424/3
17-07-2023 20 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
РАНКОВЦЕ

| Примено: 18.07.2023 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 03 | 744/1 | 1 | |

До
МВР,ШП,ЦУК,ДЗС,ДИШЛ и МЗШВ

Предмет: Известување

Почитувани,

Согласно член 57,став 3, од Законот за шумите, по барање на ЈП "Национални шуми" – Скопје, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство со арх.бр.49-7027/2, од 17.07.2023 год., даде согласност за:

**Делумна забрана за движење во шумите и шумското земјиште**

Со оглед на зголемената опасност од појава на шумски пожари на отворен простор се воведува **Делумна забрана за движење во шума** на територијата со која стопанисува /управува ЈП "Национални шуми"- Скопје на сите лица во шумите и шумските појаси, за временскиот период од **17.07.2023 год.**, во терминот од **06.00** до **20.00** часот.

**Делумната забрана за движење во шума ќе стапи на сила од 17.07.2023 год. и ќе трае се до проценката дека е намален ризикот од појава на шумски пожари, односно, до нејзино отповикување.**

Оваа делумна забрана не важи за вработените во ЈП "Национални шуми"–Скопје ,т.е. за сите подружници кои влегуваат во составот на ЈП "Национални шуми"- Скопје како и за вработените во:

- Министерството за внатрешни работи,
- Шумска полиција,
- Центарот за управување со кризи,
- Дирекцијата за заштита и спасување,
- Државниот инспекторат за шумарство и ловство,

НАЦИОНАЛНИ ШУМИ
во партнерство со природата
www.mkdsumi.com.mk
Ул. Булевар "Св. Климент Охридски" Бр.68; Скопје-Центар
Тел. ++389 (0)2 2551080

- Субјектите што вршат шумскостопански активности сеча, дотур и транспорт на дрво и дрвни сортименти на површините со кои стопанисува ЈП "Национални шуми" – Скопје,
- Стручните служби на концесионерите на дивечот во ловиштата кои се наоѓаат на територијата со која стопанисува /управува ЈП "Национални шуми" – Скопје, и
- Лица кои што имаат писмено одобрение за движење во шумите со кои стопанисува ЈП "Национални шуми" – Скопје.

Движењето ке биде дозволено единствено со писмено одобрение издадено од подружниците на ЈП "Национални шуми" – Скопје за подрачјето со кое стопанисуваат/управуваат.

За непочитување на оваа забрана на физички лица кои се затекнати да се движат во шума и шумско земјиште, согласно член 106 од Законот за шумите, ќе им се изрече глоба од 1500 до 2000 евра во денарска противвредност.

Делумната забрана за движење ја спроведуваат вработените од ЈП "Национални шуми", кои вршат дејност заштита, Шумска полиција и МВР.

Прилог:

1.Согласност за делумна забрана за движење во шума од МЗШВ со арх. бр.49-7027/2 од 17.07.2023 год.

Изработил:

дипл.шум.инж.Сузана Николовска

Сектор за заштита на шумите,
надзор и внатрешна контрола
Помошник директор
Николчо Киров